Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 42-10977/1
15.12.2014 година
Скопје

**ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**СКОПЈЕ**

Врз основа на членот 91, алинеја 2 од Уставот на Република Македонија и членовите 132, 137 и 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија Ви поднесува Предлог- закон за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита, по скратена постапка, што го утврди на седницата, одржана на 15.12.2014 година.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Никола Тодоров, министер за здравство и м-р Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство, а за повереници Насуф Ипчја, државен секретар во Министерството за здравство, Стојанчо Стојковски, државен советник во Министерството за здравство и Татјана Васиќ Бозаџиева, државен советник во Министерството за здравство.

**ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**м-р Владимир Пешевски**

Подготвил: Никола Пасков
Проверил: Љубица Р. Димовска
Контролирал: Дејан Јакимовски
Согласен: Митра Спасовска
Одобрил: Кирил Божиновски

ПРЕДЛАГАЧ: Владата на Република Македонија

ПРЕТСТАВНИЦИ: Никола Тодоров, министер за здравство,

и

м-р Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство

ПОВЕРЕНИЦИ: Насуф Ипчја, државен секретар во Министерството за здравство

Стојанчо Стојковски, државен советник во Министерството за здравство

и

Татјана Васиќ Бозаџиева, државен советник во Министерството за здравство

ПРЕДЛОГ - ЗАКОН
за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита, по скратена постапка

Скопје, декември 2014 година

ВОВЕД:

I. ОЦЕНКА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со предлог законот се очекува да се обезбеди редовно финансирање за набавката на лекови за ретки болести

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Со решенијата содржани во предлог законот се овозможува унапредување на системот за лекување на ретките болести

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Со предложеното изменување и дополнување на Законот не се повлекува обврска за обезбедување средства за негово спроведување од Буџетот на Република Македонија.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Законот не повлекува обврска за обезбедување дополнителни финансиски средства за неговото спроведување и материјални обврски за одделни субјекти.

V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Со оглед на тоа што се исполнети случаите утврдени во член 170, алинеја 1, од Деловникот на Собранието на Република Македонија, односно не е во прашање донесување на сложен и обемен закон, се предлага Законот да се донесе по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ - ЗАКОН
за изменување и дополнување на Законот за здравствена заштита

Член 1
Во Законот за здравствена („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/12, 164/13, 39/14 и 43/14) во членот 16, став (4) по зборот „Македонија“ сврзникот „и“ се заменува со запирка, а точката на крајот на ставот се брише и се додаваат зборовите „како и со дел од акцизата на цигари во износ од 0,053 денари по парче (цигара), наменети за набавка на лекови за ретки болести.“

Во ставот (6), по зборот „пиво“ сврзникот „и“ се заменува со запирка, а по зборот „алкохол„ се додаваат зборовите „и цигари“.

Член 2
Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а се применува од 1 јануари 2015 година.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ - ЗАКОНОТ

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Со член 1 од предлогот се предвидува дел од акцизата на цигарите во висина од 0.053 денари по парче (цигара) да се одвојува за набака на лекови за ретките болести, како и начинот на нејзината наплата.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во предложените одредби се меѓусебно поврзани во функција на соодветна практична имплементација на предметниот закон.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените решенија ќе се овозможи унапредена превентивна заштита на населението од заразни болести.

# ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА („СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“ БР. 43/2012; 145/2012; 87/2012; 164/2013; 39/2014 И 43/2014) ШТО СЕ МЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

## Обезбедување на остварувањето на загарантираните права, утврдени потреби и интереси од страна на Република Македонија

*Член 16*

(1) На сите граѓани на Република Македонија им се обезбедува остварување на со овој закон загарантираните права, утврдени потреби и интереси, и тоа:
- мерки и активности за заштита од штетното влијание врз здравјето на населението на гасови, бучава, јонизирачки и нејонизирачки зрачења, загаденоста на водата, земјиштето, воздухот и храната и други штетни влијанија на животната средина и работна средина,
- мерки и активности за зачувување на здравјето на населението,
- мерки и активности за откривање, спречување и сузбивање на заразни болести,
- обезбедување на хигиенско-епидемиолошки минимум на населението,
- превенција и лекување на карантински болести и наркоманија,
- мерки и активности за заштита на жените за време на бременоста, породувањето и леунството и заштита на доенчињата,
- мерки и активности за организирање и унапредување на крводарителството,
- обезбедување на трошоците за болни кои се третираат со дијализа,
- обезбедување на лекови за трансплантирани болни,
- обезбедување на цитостатици, инсулин и хормон за раст,
- мерки и активности утврдени со посебни програми и
- итна медицинска помош согласно со утврдената мрежа на здравствени установи.

(2) Мерките и активностите од ставот (1) алинеја 11 на овој член се определуваат врз основа на здравствената состојба на населението и утврдените здравствени проблеми и приоритети од јавно здравствен карактер согласно со донесените стратегии и политики во областа на здравствената заштита.

(3) Владата на Република Македонија (во натамошниот текст: Владата) на предлог на Министерството за здравство, секоја година донесува програми за реализација на мерките и активностите од ставот (1) на овој член.

(4) Средствата за остварување на загарантираните права и утврдените потреби и интереси на државата од ставот (1) на овој член се обезбедуваат во Буџетот на Република Македонија и од дел од акцизата на пиво во износ од 1 денар по литар/степен на алкохол и дел од акцизата на етил алкохол во износ од 40 денари /литар чист алкохол.

(5) Акцизите од ставот (4) на овој член се приход на Буџетот на Република Македонија - Министерство за здравство и се уплатуваат на соодветна сметка на Министерството за здравство во рамките на трезорската сметка.

(6) Делот од акцизите од ставот (4) на овој член ги пресметува царинската управа при наплата на акцизите за пиво и етил алкохол и ги уплатува на соодветна сметка на Министерството за здравство во рамките на трезорската сметка.